# НАШЕ СОНЦЕ

**број 6**

**МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ“ КРАЊ**
**Цеста 1 маја 5 4000 Крањ – Словенија**
**Коложег, 2004**



Јас светот го разбирам како поле за културен натпревар на народите

**Гоце Делчев**

# 100 ГОДИНИ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ



## Б О Ж И К   2 0 0 3

Христовото раѓање македонците од Словенија го одбележија со неколку верски активности...
*...кој заради нас луѓето и нашето спасение слезе од небото и стана човек и беше распнат заради нас луѓето, воскресна и седна од десната страна на Оца, и пак ќе дојде со слава да им суди на живите а неговото царство не ќе има крај...*

свештеникот г. Душан Продански, дојден специјално по овој повод од Македонија, вечерна богослужба најпрвин одржа во црквата Св. Алојзиј во Марибор на 06. 01 2003 година бадник во 18.00 часот, а потоа во црквата „Св. Богородица Роженвенска“ во Крањ, во 22.00 часот одржа божикна полноќница. Организацијата беше на завидно ниво. Освен свеќи, православните верници можеа да купат: календарчиња, сувенири, па дури и црковни книги. За разлика од другите години во црквата беше многу потопло. Можеби затоа што посетеноста на црквата беше толку голема, така што не само за седење туку и за стоење скоро немаше место.

Следниот ден, со почеток во 9.00 часот беше одржана и Утринска богослужба со Божествена литургија. Поради лошото време и работните обврски на луѓето, црквата беше наполу полна. Присутни беа само оние што живеат блиску до црквата и малкумина храбри, што се осмелиле да возат по вакво време. Оние што редовно доаѓаат секаде и секогаш, за добро и лошо.

## В А С И Л И Ц А   2 0 0 3

Новата година по стариот календар, позната како Православна нова година, македонците од Словенија ја дочекаа во салата на старата тулана на Стражиште.

Прославата се одржа на 18. 01 2003 година, со почеток во 19.00 часот и траеше се до 05.00 часот наутро. За весело расположение на присутните се погрижи музичка група од Виница - Македонија, кои со својот прв настап во Словенија докажаа дека се вредни повторно да ги повикаме.

Во составот на приредбата беше организирана и новогодишна лотарија со 380 награди, и 500 продадени срећки. Наградите за лотаријата беа обезбедени преку спонзори а главна награда беше ТВ апарат.

Со два сплета на македонски ора и песни, во преполната сала, ни се претстави фолклорната секција на МКД Св. Кирил и Методи од Крањ.

Резултатите од приредбата беа разгледани на состанокот на одборот на МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ, на 31. 01 2003 година. Беше утврдено дека и покрај несоодветниот простор за ваков вид на приредби и премалиот број на карти, пуштени во продажба во однос на предходните години, финансискиот извештај беше позитивен за околу 100.000 толари. Договорено беше во иднина да се прават напори да се добие поголема сала, примерна за ваков вид на забави и да се доведе некој поафирмиран пеач или музичка група, со цел да се подигне квалитетот на програмата.

## УЧИЛИШТЕ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО Р. СЛОВЕНИЈА - ПОЛУГОДИЕ



На 22. 02 2003 година во салата на МЗ Стражишче, свечено беа поделени ученичките книшки за завршено прво полугодие.

По тој повод учениците од Љубљана, Крањ, Јесеници и Нова Горица, организираа едночасовна културно забавна програма. Со својот настап програмата ја разубави и подмладокот на фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ. Имавме чест да ги поздравиме следните претставници: амбасадорот на Р. Македонија во Љубљана, г-дин Илијаз Сабриу, претседателот на сојузот на МКД во Словенија г-дин Илија Димитриевски и претставници на останатите МКД во Р.Словенија.




Ученичките книшки ги подели г-ѓа Оливера Чаушевска. Воедно таа апелираше до родителите со мали дечиња, своите деца да ги доведуваат на училиште, со што во поголема мера ќе се оправдат инвестициите и напорите на министерството за култура на Р. Македонија, македонската амбасада во Р. Словенија, сојузот на МКД во Словенија, и МКД во Словенија, околу организирањето и изведувањето на наставата по македонски јазик во Р. Словенија.

## ВЕЛИГДЕНСКИ ПРАЗНИЦИ 2003

Во чест на најголемиот христијански празник ВЕЛИГДЕН, црковниот одбор на православните македонци во Словенија, организираше повеќе верски активности. Чиноначалник на овој голем христијански празник беше свештеник Душан Продански.

Марибор

* * *

Христовото воскресение, македонците од источниот дел на Словенија, го одбележија во црквата Св. Алојзиј во Марибор.

Во Саботата на 26. 04 2003 година, на вечерната богослужба што ја водеше свештеникот Душан Продански, беа присутни околу 50 верници од тој крај.

По повод велигденските празници, во Марибор беше организиран и велигденски пикник. Поради лошото време, беше организиран во ресторанот „Гурмански храм“ што се наоѓа во кругот на поранешен ТАМ. Пред околу 150 присутни гости настапи „повторно оживената“ фолклорна секција на МКД Билјана од Марибор. Како гостин на пикникот настапи музичкото дуо на г. Стојан Палифров.

Музичката група на фолклорната секција, со својот богат репертоар на народни песни и ора се грижеше за весело расположение на присутните сѐ до раните утрински часови.

Анкаран

* * *

Традиционалниот собор по повод велигденските празници, во организација на МКД „Кочо Рацин“ од Копер, беше организиран во кампот во Анкаран , на 27. 04 2003. Лошото време, (дождот) не можеше да ги спречи најупорните желни за веселба и дружење, да се соберат во хотелот Адриатик. Со своите настапи присутните ги развеселија: фолклорните секции на МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ и МКД „Илинден“ од Јесенице, а за целодневно весело расположение на присутните се погрижи дуото Петров од Љубљана.

Во составот на пикникот, во просториите на хотелот за верниците беше организирана и „велигденска молитва“. Велигденската молитва ја водеше свештеникот Душан Продански.

Крањ

* * *

На 24. 04 2003 година во црквата Св. Богородица Роженвенска, со почеток во 21 00 часот, беше одржана традиционалната „Велигденска полноќница“. Пред околу 80 присутни верници, ни се представи црковниот хор од Крањ со песните „Мир“ и „Молитва“. Богослужбата која траеше скоро до полноќ , кога свештеникот ја заклучи со зборовите: „Христос воскресна“, на што следеше одговор од страна на верниците „навистина воскресна“. Крајот го красеше традиционалната „света причесна“, за верниците кои ги постеле велигденските пости.

* * *

Утрената богослужба со божествена литургија, беше одржана во истата црква на 27. 04 2003 год. со почеток во 09 00 часот. За разлика од претходната вечер, посетеноста беше нешто поголема, присутни беа околу 150 верници, но сепак премалку според бројот на македонци што живееме во овој дел на Словенија.

Проблемот поради непосетеноста на богослужбите во Словенија за Велигден и Божик е стар колку и одржувањето на овие црковни активности. И на овие, како и на претходните богослужби членовите на црковниот одбор заедно со присутните, се трудеа да откријат кои се причините за малата посетеност на црквата. Некои подобри познавачи на оваа проблематика тврдат дека и другите друштва се сретнуваат со истиот проблем. Сепак, изгледа дека најголема причина е немањето навика за одење в црква. „Добра навика“ не стекнавме пред се заради државното уредување во поранешната татковина, кое ја негираше црквата. Добра пред сѐ заради тоа што во црквата нѐ учат само добри работи како што се десетте божји заповеди: не кради, не лажи, не прави им го на другите тоа тебе што не сакаш да ти го прават... и уште многу други поучни работи, како што се да ги почитуваме своите родители, своите блиски да ги сакаме како себе си, гладен нахрани, жеден напој, разочаран утеши, болен посети и така натаму. Вера која им помагала на нашите предници да издржат и кога им било најтешко. Со векови подјармувани од разни поробувачи, со гордо кренати глави успеале да ја зачуват, да не ја променат и да ни ја пренесат со сета нејзина чистост, светост и убавина. На нас сега браќа и сестри, на нас македонци ни припадна честа и должноста, да им ја предадеме во што подобар сјај, на идните поколенија. Да ги оправдаме илјадниците положени животи на македонските просветители и патриоти, борци за зачувување и афирмација на македонската православна црква и македонската нација.

Да не може човек просто да поверува дека не има толку малку верници или пак се работи за онаа народната:„во господа веруваме само кога ни гори под нозете“. Кога сме болни, имаме некои тешкотии или сакаме некоја желба да ни се исполни, тогаш молиме „господе помагај“, а кога ни е добро забораваме и на бога и на сѐ околу нас.

Ни останува да веруваме дека „добрата“ навика допрва ке ја стекнеме со текот на времето и дека барем двапати во годината ке си земеме време да отидеме во црква. Со тоа би ги оправдале и огромните напори што ги прави црковниот одбор за доведување на свештено лице од Македонија и барање на земјиште за поставување на Македонска Православна црква во Словенија. Во црквата освен верниците, добредојдени се и оние што на верата гледаат како на традиција. Секој има право на работите да гледа од своја страна и со свои очи, но целта мора да ни биде единствена и света - зачувување на идентитетот на македонците во Словенија и воопшто во светот и афирмирање на македонската нација како дел од семејството на народите.

## МАЈСКИ ДЕНОВИ 2003

Активностите на одборот на МКД Св. Кирил и Методи од Крањ, околу организирањето на „Мајските денови,“ посветени на македонските просветители, чие што име го носи друштвото, започнаа многу порано преку размислувањата и договорите кои активности каде да се изведат и како и на кој начин да бидат организирани. Конкретни договори околу составувањето на програмата и поделувањето на работните обврски, беа направени на состанокот на одборот, што се одржа на 21.05 2003 година, во просториите на Стари Маир, со почеток во 19.00 часот. Беше договорено активностите да траат од 23.05 до 01.06 2003 година по следната програма:

Петок 23. 05

- Отворање на изложбата на македонскиот сликар-графичар Петар Атанасов од Делчево, Р. Македонија, во просториите на Шмартинскиот дом во МЗ Стражишче во Крањ, со почеток во 20.00 часот. Изложбата требаше да биде отворена до 25. 05 2003 година.

- Концерт на КД Гоце Делчев од Делчево, со почеток во 20.30 часот, во просториите на Шмартинскиот дом, во МЗ Стражишче.

Сабота 24. 05

- Шесто редовно собрание, во чест на 11 годишнината од формирањето на друштвото во Шмартинскиот дом на МЗ Стражишче, во 17.00 часот.
- Концерт на фолклорните групи: КД „Младост“ и ДБХ и СП „Лиљан“ од Љубљана, МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ, „Сава“ од Крањ, ДП и „Г. Извор“ од Крањ, КД „Брдо“ и КПСД „Морача“ од Крањ, КПСД „Вук Караџиќ“ од Лесце, МКД „Билјана“ од Марибор и МКД „Илинден“ од Јесенице, со почеток во 20.00 часот, во салата на МЗ Стражишче. Предвидено беше програмата да се заврши со забава.

Среда 28. 05

Забрзан шаховски турнир, од отворен тип. Контактно лице беше г. Станко Атанасов а се одржа во просториите на Шмартинскиот дом, во МЗ Стражишче, со почеток во 17.00 часот.

Петок 30. 05

Предавање на професорот Огњен Бојаџиевски на тема 100 години од Илинденското востание, во просториите на МЗ Стражишче, со почеток од 20.00 часот.

Сабота 31. 05

Турнир во мал фудбал од отворен тип, на ракометното игралиште на ОУ „Луција Селјак“ во Стражишче. Учество на турнирот беше 15.000 толари, а наградниот фонд изнесуваше 70% од собраните средства. Право на учество имаа сите екипи кои се пријавија еден ден пред почетокот на турнирот, во Стари Маир, каде што со почеток во 18.00 часот се изведе ждрепка за избор на натпреварувачките парови. Контактно лице за турнирот беше г. Добре Арсовски. Во случај на слабо време, беше договорено турнирот да се одржи наредниот ден, на 01. 06 2003 година.

П Е Т О К 23.05 2003

## ИЗЛОЖБА НА МАКЕДОНСКИОТ СЛИКАР- ГРАФИЧАР ПЕТАР АТАНАСОВ ОД ДЕЛЧЕВО

Отварањето на изложбата на македонскиот сликар- графичар Петар Атанасов од Делчево, Р.Македонија во галеријата на Шмартинскиот дом во МЗ Стражишче Крањ беше во 20 00 часот.



Најпрвин ни се претстави оркестарот на културното друштво „Гоче Делчев“ од Делчево со старoградската песна „Билјана платно белеше“. Потоа присутните ги поздрави претседателот на Сојузот на МКД во Р Словенија г. Илија Димитриевски, со што свечено ги отвори мајските денови, единаесети по ред, денови посветени на македонските просветители светите браќа Кирил и Методи.

Единаесет годишнината од постоењето и работата на друштвото, и 100 годишнината од „ИЛИНДЕНСКОТО„ востание ни ги честиташе амбасадорот на Р Македонија во Р. Словенија, г-дин И. Садриу, и ни посака уште многу успеси и заедничко дружење.

Присутните ги поздрави и поджупанот на Крањ г. Штефан Кадоич. Тој ни ги мајските денови посветени на Св. Кирил и Методи, ни изрази благодарност за

„културниот допринос што го даваме ние, македонците во Р.Словенија со вакви и слични приредби, и ни посака да продолжиме со работата, односно со соработката.

Госпоѓата Маруша Августин даде позитивна критика за изложбата на г. Петар Атанасов, сликар графичар од Делчево, кој ни се претстави со автентична македонска стара архитектура, нацртана во комбинација туш и перо, од различни краеви на Македонија.

На крајот ни се претстави самиот уметник г.Петар Атанасов:

Роден е и живее во Делчево, работи како слободен уметник и музичар.Со сликарство се занимава околу дваесет години, на инспирација од родната Македонија,од нејзиното културно и историско минато, како земја на стара архитектура и цркви, за што сведочи и изложбата. Тежнее кон тоа да го задржи канонскиот стил на сликање икони, при што внесува и некои свои идеи, видувања.
Во сликите е изразен духот на македонското поднебје и минато.

Најомилена техника му е масло на платно, со главни мотиви мртва природа: стари садови, черги, овошје, стари македонски куќи...

Господинот Петар Атанасов срдечно ни се заблагодари за посетата и помошта околу организирањето на изложбата.

## КОНЦЕРТ НА КУД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ОД ДЕЛЧЕВО

Македонскиот фолклор е познат на далеку по својата мелоритмичка убавина и богатство. Тоа на најдобар начин го презентираат и афирмираат македонските КУД не само од Македонија, така и од другите делови на светот, каде што живеат македонци. Мошне релевантен е и придонесот на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, Р. Македонија. Формирано е 1977 година, и годинава го славеше својот 26 роден ден. За тоа време, на сцените ширум Европа има забележено околу 80 концерти, зад кои стојат многубројни признанија и освоени награди. Досега има гостувано во Југославија, Бугарија, Полска, Турција, Романија, Германија, Франција и други земји, а во Словенија ни се представија по втор пат, на 23 05 2003 во 20.30 часот, во просториите на Шмартинскиот дом, во месната заедница Стражишче.

Под водство на кореографот г. Зенил Реџеповски-Стручни, гостите од Делчево ни се представија со следната програма:

- малата Мерлина со песната „Денес празник славиме„
- фолклористите ни се представија со: „Седенка“, „Шопска петорка“ и изворните ора: женското оро „ Елено моме“, машкото „Малешевско оро“ и мешаното оро „Топтан, топтан“.
- со етно-фолклорен балет ни се представија солистите Андријана и Емил
- со танцот „ча, ча, ча“ - младиот пар Мерлина и Мартин
- настап на играорците со сплет од народни песни и игри од Источна Македонија и од Повардарието.
- со неколку песни ни се представи солистката Александра Спасовска

Целокупната програма ја придружуваше оркестарот „Гоце Делчев“ од Делчево.

Пред преполната сала со гледачи, гостите од Делчево, покажаа професионален однос до македонскиот фолклор, за што беа наградени со громогласен аплауз. За истакнување е настапот на малите Мерлина и Мартин.

Концертот заврши со завршниот говор на претседателот на МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ, г.Атанас Продански, и со предавањето скромен подарок на заменикот на предедателот на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, госпоѓата Виолета Арсова, која се заблагодари за искажаното гостопримство. Скромни подароци, сувенири од рачна изработка им предаде на: домаќинот г. Атанас Продански,

амбасадорот на Р. Македонија во Р. Словенија г. Илијаз Сабриу и на поджупанот на Крањ, г. Штефан Кадоич.

Сабота 24. 05 2003

## ШЕСТО РЕДОВНО СОБРАНИЕ НА МКД „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИ„ОД КРАЊ

Шестото, редовно собрание на МКД „Св. Кирил и Методи" од Крањ, во чест на 11 годишнината од формирањето на друштвото, се одржа во Шмартинскиот дом во МЗ Стражишче, со почеток во 17.00 часот и следниот дневен ред:



-културна програма (вовед на собранието)

-поздравен говор на претседателот

-избор на работно претседателство на собранието

-известување на претседателот за минатиот период

-известувања на благајникот и надзорниот одбор

-дискусија и прифаќање на известувањата

-план за работа на друштвото за периодот 2003/2004

Учениците на дополнителното училиште по македонски јазик во Р. Словенија, најпрвин ни се претставија со рециталот посветен на Св. Кирил и Методи, а потоа имаа квиз во познавање на македонскиот јазик и историја. Во квизот настапија две екипи од Нова Горица и по една од Крањ и Јесенице. Првото место го поделија првата екипа од Нова Горица и Јесенице, третото место го освои втората екипа од Нова Горица а четвртото и припадна на учениците од Крањ.

Присутните ги поздрави, претседателот на МКД „Св. Кирил и Методи" од Крањ, г. Атанас Продански. Тој ги извести присутните за резултатите од работата на друштвото во последната година.

Позитивни беа и дискусиите, од излагањата на благајникот и надзорниот одбор. Финансиската ситуација беше позитивна, во благајната имаше околу 3,5 милиони толари, а надзорниот одбор се изјасни дека сите органи на друштвото работеле правилно.

Договорено беше, планот за работа да не се менува, односно да се задржат истите активности како и досега: организирање на наставата по македонски јазик, фолклорната и музичката секција, хорот, како и продолжувањето со организирање на Етно фестот, и собирите по повод „Стара нова година" и „Св. Богородица".

Како „главен" недостаток на собранието, беше посетеноста. Луѓето како да се чуваа за концертот што следеше во 20.00 часот. Беше договорено, во иднина вакви приредби да се организираат во „ блок".

Сабота 24.05 2003

## ФОЛКЛОРНИ КОНЦЕРТ

Во програмата на „Мајските денови“ посветени на „Св. Кирил и Методи“ во салата на Шмартинскиот дом во МЗ Стражишче, со почеток во 20.00 часот, беше организиран концерт, во кој учество зедоа: КД „Младост“ и ДБХ и СП „Лиљан“ од Љубљана, ДП и Г „Извор“ од Крањ, КПСД „Вук Караџиќ“ од Лесце, МКД „Илинден“ од Јесеници, МКД „Билјана“ од Марибор, КД „Брдо“ и КПСД „Морача“ од Крањ, ФГ „Сава“ од Крањ и ФГ „Св. Кирил и Методи“ од Крањ.




Интересот за концертот беше огромен. Салата беше премала за да ги прими сите љубители на фолклорот.

Фолклорните групи, ни го представија фолклорот на сите поранешни републики на Југославија, од Словенија до Македонија, со целиот негов сјај и убавина. Публиката громогласно ги поздрави фолклорните „мајсторства„ на младите играорци, во текот на изведувањето на сплетовите, а на крајот, уште долго, откако ја напуштија бината, скандираа и аплаузираа. Програмата заврши со забава што траеше до раните утрински часови.

Е, овде нè имаше, за разлика од присуството на „годишното собрание“. Околу шанкот, во ходникот, пред влезот, насекаде можеше да се чујат дискусии во врска со работата на друштвото. Сè предлог до предлог, подобар од добар, а пред неколку часа, на состанокот ги немаше никаде тие „умни„ глави, барем своето мислење јавно да го изнесат. Таа им останува на десетина неуморни работници, кои на крајот, како награда за својата доброволна работа, добиваат критики од оние што никогаш ништо не направиле за друштвото. Сите критики и предлози се добредојдени. Никогаш не работиме толку добро за да не би можеле да работиме уште подобро, ама местото на критиките и предлозите им е на „годишното собрание“ и состаноците на одборот, каде секој може да присуствува. Само така можеме да го оправдаме и зајакнеме гласот што не „бие“ како едно од најактивните друштва во Словенија.

Среда 28.05 2003

## ЗАБРЗАН ШАХОВСКИ ТУРНИР

Забрзаниот шаховски турнир од отворен тип, во составот на програмата од „мајските денови„, се одржа во просториите на Шмартинскиот дом, во МЗ Стражишче, со почеток во 17.00 часот. Контактно лице беше г. Станко Атанасов а учество зедоа 45 натпреварувачи. До 15 тото место беше следниот редослед: Мази Леон, Зорко Душан и Орел Оскар, по 8 освоени точки; Ковачич Петер, Рабич Драго, Сокач Штефан, Валјавец Стане, Булатович Мишко и Крек Јанез, по 6 освоени точки; Јурош Живко, Марко Јанез, Орел Симона, Воинов Даниел, Димитриевич Станоје и Гоцевски Иван, по 5,5 освоени точки.



Со медали беа наградени првите три места, а награди добија сите учесници на турнирот.

Петок 30.05 2003



## ПРЕДАВАЊЕ НА ПРОФЕСОР ОГЊЕН БОЈАЏИЕВСКИ

На тема 100 години од „Илинденското востание“, во просториите на Шмартинскиот дом, во МЗ Стражишче, професорот Огњен Бојаџиевски одржа предавање, пред околу дваесетина присутни.

Тој изнесе свое излагање за настаните на балканот од тоа време, за кревањето на Илинденското востание, причините поради кои било кренато, како било организирано, последиците од неуспехот на востанието кај македонското население и како „развиениот свет“ гледал на востанието во Македонија.

Македонија во тоа време, претставувала најважен европски дел од Отоманската империја, па затоа нивната војска и полиција неуморно ја прогонувала македонската

револуционерна интелегенција, која го подготвувала народот за востание. Востание, со кое сакале да ја ослободат Македонија од петвековното феудално ропство. На 2 август, на празникот Свети Илија, со нападот врз османлискиот аскер во Крушево, востанието започнало. Најголеми успеси биле постигнати со ослободувањето на Крушево и формирањето на Крушевската република, како и поставувањето на револуционерна власт во Клисура, Невеска и другите ослободени планински предели на Македонија.




Османлиската власт била изненадена и презела сериозни мерки за задушување на востанието не избирајќи средства и начин. Османлиската војска, полиција и башибузукот/турски доброволци кои оделе само заради пљачкосување, а крстосувале Македонија и вршеле насилства, палежи, грабежи и невидени варварства, и покрај реакциите на интелектуалната европска јавност.

Последиците од Илинденското востание, биле катастрофални за македонскиот народ. Тие се одразиле во сите пори на неговиот економски, политички и културно-просветен развој.

Илинденското востание ги изненадило и вознемирило големите империјалистички сили и владеачките кругови на соседните балкански држави, кои на Македонија гледаледале како на објект за територијално освојување. Секое револуционерно движење во Македонија, за нив претставувало опасност. Затоа работеле на тоа да го преземат за свое, или да формираат свои движења, користејќи го секој поволен момент, да го прошират и зајакнат своето влијание во Македонија. Тоа особено се покажало во Балканските војни и поделбата на Македонија со Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Покрај соседните балкански држави, најзаинтересирани за тоа што се случува во Македонија, биле Русија и Австро-Унгарија, поради желбата да го зајакнат своето влијание на Балканот.

Предавањето, односно излагањето на господинот Бојаџиевски, спонтано помина во разговор и изнесување на проблемите околу организирањето на македонците во Словенија, Хрватска, Унгарија, Австрија, Италија... односно од оваа страна на Дрина, како во жаргон ни рече професорот.

Публиката внимателно го слушаше предавањето а на крајот зеде активно учество во расправата која траеше дури и „во движење“, сè до влегувањето во автомобилите. На сите ни беше жал што ќе се разделиме, разговаравме како да се познаваме од детство, иако некои за првпат се видовме пред два часа.

Сабота,31.05

## ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ



На ракометното игралиште на ОУ »Луцијан Сељак« во Стражишче, се одигра турнир во мал фудбал од отворен тип. Учеството за турнирот беше 15.000 СИТ а наградниот фонд изнесуваше 70% од собраните средства. Контактно лице, а воедно и организатор на турнирот беше г. Добре Арсовски.

Учество на турнирот, зедоа пет екипи. Првото место го освои екипата на КД »Брдо« од Крањ, кои покрај паричната награда добија и пехар. Второто место припадна на екипата на КД »Морача« од Крањ, а третото го освоија фудбалерите на домаќините, екипата на МКД »Св. Кирил и Методи« од Крањ.

Времето беше убаво, а за гладните и жедните имаше разни пијалоци и јадење подготвено на жар.

## СО ФОЛКЛОРИСТИТЕ ВО ГЕРМАНИЈА



Фолклорната секција на МКД Св. Кирил и Методи од Крањ има настапувано во повеќе градови низ Словенија, Македонија, Германија,Хрватска и други држави. За настапот во Германија дознавме еден месец порано и како и за сите претходни гостувања, одвај го чекавме денот на тргнувањето.

Најпосле дојде и долгоочекуваниот ден. На 26.06 2003 во 09 часот,се собравме на паркиралиштето покрај спортската сала на Планина, од каде што заедно со мариборските фолклористи тргнавме за Германија.Патувањето со




автобус беше долготрајно, па за да не ни биде досадно го гледавме на видео касета нашиот последен настап на Примсково, пеевме, си правевме муабет и си кажувавме вицеви а имавме и 2-3 паузи. Се на се, патувањето беше пријатно и скоро никој не спиеше. Но затоа кога стигнавме, бевме толку изморени, па одвај чекавме да се сместиме во хотелот и да се одмориме. Бидејки во 11 00 часот утредента имавме настап, се договоривме и во 10 30 се добиеме пред хотелот, преоблечени. Пешки тргнавме кон центарот на градот, каде што веќе имаше поставено 7 бини. Бидејки беше сеуште рано, немаше многу народ па се плашевме дека ќе настапиме пред малубројна публика но се покажа дека нашиот страв бил беспотребен.

Тој ден, во Саботата, настапивме два пати и после 14 00 часот, бевме слободни. Имавме доста време да го запознаеме градот и да се дружиме со нашите домаќини. Вечерта со неколку новозапознаени другарки отидовме во една дискотека, каде што си поминавме прекрасно. Заборавивме на времето и се забавувавме до раните утрински часови. Во Неделата имавме уште еден настап и после ручекот, во 15 00 часот си тргнавме назад, за Словенија.

Од патувањето и нашите настапи во Германија бевме многу задоволни и ние и домаќините. Тие ни се заблагодарија за посетата, ни посакаа среќен пат и ни ветија дека пак ќе не поканат.

Наташа Димитрова

## ГОСТУВАЊЕТО НА ФОЛКЛОРНАТА СЕКЦИЈА НА МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ" ОД КРАЊ ВО ДЕЛЧЕВО



Нашето културно друштво „Св Кирил и Методи"од Крањ, повторно ни организираше да патуваме и настапуваме, во нашата многу сакана Маакедонија. Во средината на јуни оваа година бевме во Германија ама морам да кажам дека во Македонија беше многу поубаво. Како прво имавме само еден настап, како друго запознавме многу нови другари и другарки и ги видовме манастирот во Делчево и планината Голак, и како трето си ги видовме нашите најблиски во Македонија. Нашите баби и дедовци и останатите роднини, родните куќи на нашите родители, корениниte од каде што и ние потекнуваме. Па што може да е поубаво од македонската култура, новите познатства и повторното видување со најблиските во Македонија?

Скоро сите знаете дека патувањето Македонија со автобус не е лесно. На границите се чека многу, полицијата штом види туѓи таблици, проверува (да заработи

некој бакшиш), сонцето како намерно да сака да не опече и така натаму...Во Делчево



стигнавме за 24 часа и зад себе ги оставивме сите маки и тешкотии од патувањето. Најпрвин се сместивме во просториите на КД Гоце Делчев од Делчево а потоа не распоредија кај нашите гостители.

Четвртокот беше предвиден за „журка“ и нови познатства, па затоа се договоривме вечерта да излеземе сите играорци и се добиеме во популарниот кафич „SPIDER“, кој што беше прекрасен. Само во него можеше да видиш 40 деца во 18 метри квадратни и никаде на друго место. Малку се гужвавме, ама вечерта си ја поминавме заедно и забавно.

Другиот ден рано наутро тргнавме да го видиме делчевскиот манастир, кој се наоѓаше над градот. Поминавме одкај православната црква во градот, каде што ни се придружи и попот. Патот до манастирот не го познавам, бидејки јас и уште неколкумина други зедовме такси и со него стигнавме горе пред другите, кои што дојдоа со црвени лица и испотени од жешкото сонце. Попот ни го претстави манастирот, ни покажа како треба да се крстиме, како се влегува и излегува од црква...

Околината на манастирот е нешто посебно, чисто, мирно, обрастено со зеленило. Морам да кажам дека многу ми се свиѓаше и би сакал да го видам и друг пат. Ако не сте биле уште, немој многу да чекате, посетете го и нема да ви биде жал.

Вечерта следуваше големото фнале-планината Голак. Бидејки беше оддалечена десетина километри, до таму стигнавме со автобус. Имаше што и да видиме. Пред толку публика досега немавме настапено. Се претставивме со сплетовите „Источна Македонија“ и „Калајџиско“, за што бевме наградени со громогласни аплаузи од публиката. Беше студено, дуваше ладен ветер, поради што, веднаш по настапот се вративме во Делчево.

Следниот ден со автобус отидовме во најблискиот град во соседна Бугарија, Благоевград. Мене лично ми се допадна градот, ама уште повеќе ми се допадна тоа што можеше да се купат убави работи за малку пари. Накупивме разноразни работи од мајици, патики, шминки и други работи и се вративме да се одмориме за испраќајната журка што ни предстоеше за таа вечер. Вечерта пак го зафативме кафичот SPIDER и направивме журка како што треба ама не се задржавме само во него. Ги посетивме и дискотеките JUKEBOX и STIL и убаво си поминавме.

Се што е убаво велат бргу завршува, па така и нашата посета во Делчево. И не осетивме колку бргу ни поминаа четирите последни денови. Се собравме другиот ден наутро пред просториите на културното друштво од Делчево, од каде што требаше да си заминеме. Најпрвин не наговори стручниот раководител на КД Гоце Делчев г. Зенил Реџеповски-Стручни, кој ни се заблагодари за посетата и изрази желба да се видиме и догодина а потоа председателот на нашето друштво им се заблагодари на домаќините за пречекот и им вети дека ке се потруди соработката меѓу нашите друштва да продолжи и понатаму.

Си заминавме секој кај своите роднини, секој на своја страна но сите со една заедничка желба, другата година да ги поканиме тие да не посетат, да го продолжиме нашето другарување во Словенија.

Даниел Атанасов

## БОГОРОДИЧНИ ПИКНИК „БЕСНИЦА 2003“



Како и секоја година така и оваа, по повод верскиот празник Св. Богородица, МКД Св. Кирил и Методи од Крањ на 30.08 2003 организираше пикник во Бесница.

Годинава со времето немавме баш многу среќа. Уште кога станав од спиење, преку прозорецот видов дека ноќта врнело. Не е добро за нашиот пикник си мислев во себе, но сепак се надевав дека ке се поправи до пладне. Бидејки не врнеше, со домашните се одлучивме да отидеме до таму, па што биде. Стигнавме околу 12.00 часот на една ливада, над селото Бесница. Музиката се слушаше од далеку, ама гости немаше никаде. Десетина организатори, стоеја под стреата на „брунарицата“ и гледаа во темните облаци што пристигнуваа над нас. И покрај слаботo време, беа расположени и се шалеа меѓу себе.

Наеднаш се затемни од сите страни. Почна да врне „како од ведро.“ Имавме среќа што стреата беше доста голема, па дождот не ни можеше ништо. Готово е со нашиот пикник, разговаравме меѓу себе, гледајки како водата ја поплавува ливадата. И да престане дождот, нема да можеме да играме, се ќе биде мокро си мислев во себе.

На наше изненадување, како што бргу заврна, уште побргу престана. Се разведри и сонцето толку силно грееше, што земјата полека почна да се суши. Набргу почнаа да доаѓаат гостите и за неполн час не имаше околу стотина. Повторно почнаа да свират свирачите а со тоа и ние фолклористите дојдовме на свој рачун. Немавме време да чекаме тревата да се исуши. Игравме, пеевме и уживавме во убавото време, кое како да се поправи само заради нас, играорците. Повторно бевме мокри, ама сега од играње, не од дождот.

Постарите не гледаа како играме, си правеа муабет и се разладуваа со пиво и други освежителни пијалоци. За гладните, домакините печеа на жар ќебапи, плескавици и други работи. Беше организирана и традиционалната богородична лотарија на која имше најразлични награди од нашите спонзори. Добиваше секоја картичка.

Така разиграни, распеани и размуабетени и не осетивме кога попладнето сипомина. Часот беше веќе 19 00 и според договорот музиката престана да свири, што значеше и крај на нашиот пикник. На никој не му се поаѓаше дома. Стоевме уште некое време така, си правевме муабет и како да не ни се веруваше дека треба да се разделиме.

Со тешки чекори си тргнувавме дома, но со весели срца, бидејки и покрај сите проблеми што ги имавме со времето, пикникот беше успешно спроведен до крајот.

Рената Ананиева

# Н А С Т А П   В О   М А Р И Б О Р

По повод денот на самостојноста на Македонија, МКД Билјана од Марибор организираа прослава, на која што бевме поканети да настапиме и ние фолклористите од МКД „Св. Кирил и Методи од Крањ.

На 7 септември околу десет часот се собравме пред двораната на Планина од каде што тргнавме со автобус. Скоро целиот пат пеевме и се шалевме меѓу себе па воопшто не приметивме кога стигнавме во Марибор. Домаќините не пречекаа уште однадвор, ни посакаа добредојде и не одведоа во гардеробата каде што се преблековме и имавме проба.

Настапот ни беше солиден, одигравме без грешки за што бевме наградени со аплауз од публиката. Потоа следеше друштвена забава во која најпрвин се вклучија постарите. Ние помладите најпрвин се одморивме од настапот, седејќи однадвор се ладевме со сладолед а потоа и ние им се придруживме. Игравме, пеевме, се веселевме со нашите домаќини, не приметувајќи дека постарите веќе се спремаат за одење дома. Музиката не испрати до автобусот каде што никако не можевме да се разделиме. Игравме и пеевме колку што можевме и не можевме. Со песна и оро се разделивме од домаќините, заблагодарувајќи им се за дочекот и ветувајќи им дека ќе ги поканиме набргу тие да бидат наши гости.

Веселењето продолжи и во автобусот се до Тројане каде застанавме да си купиме крофни и да одмориме малку. По неполн час бевме веќе дома, со што заврши уште едно наше патување, уште едно доживување. Едно од многуте што ги имам доживеано, патувајќи и настапувајќи со фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методи“од Крањ.

Даниел Ананиев

## ДРАМСКА СЕКЦИЈА

Во склоп на училиштето за македонски јазик, од крајот на октомври 2003 година, започна со работа драмската секција. Во тек се подготовки на претставата *Лекција* по драмскиот текст на Ежен Јонеско, и на неколку помали сценско театарски настапи.

Дарко Спасов

## За зачуденоста на бидувањето

Во овој свет, понекогаш, се чувствувам како на претстава; тоа се ретки мигови, се разбира, на спокојство. Сè што ме опкружува е претстава. Неразбирлива претстава. Претстава на сили, на фигури во движење, на линии кои се спротиставуваат, кои меѓусебно се раскинуваат, се преплетуваат, се расплетуваат. Каква чудна машинерија! Не трагична, туку стаписувачка! Зачуденоста е моето основно чувство за светот. За овој свет кој не е трагичен, да, да, туку можеби комичен, чудно комичен, се разбира, за подбив. Сепак, кога подолго го набљудувам, чувствувам како ме обзема некаква болка, некакво раскинување. Самата таа болка ме чуди; самото тоа раскинување ме нурнува во чудното. Станувам бескрајно изненаден од постоењето на нештата и од постоењето на страстите и на настаните, и на боите и на болките и на ноќта и на денот кои се, меѓутоа, минливи, проѕирни, недофатни: плодови на ништото. И сите овие фигури кои се движат се судираат едни со други за меѓусебно да се уништат.

Гледам околу мене, гледам во мене, и мрморам: ова не е возможно, ова е премногу неверодостојно, ова не е вистина, ова не може да трае. Ова нема да трае, навистина. Ова е како да сум присуствувал на распаѓањето на тој склоп на движења, на фигури, на тие привидни битија и нешта. Пишувајќи театарски пиеси, имам чувство дека допринесувам за забрзувањето на процесот на распаѓање. Зашто сево ова за мене се претвори во една болна опсесија. Би сакал еднаш да се ослободам од овој свет на сонот, од овој сон за светот кој прави на крајот неговата зачуденост да се исцрпува, да исчезнува во вообичаеното и да предизвикува да ја достигнам здодевноста, загриженоста, потиштеноста.

Ми се случува, понекогаш, да го сакам постоењето, светот. Во него откривам убавина. Мислам дека во него ја откривам Убавината, се врзувам за неа.

Учествувам, ако не толку во неговите поединечни страсти, тогаш барем во целоста на динамизмот на постоењето, уловен сум во движењето, се препуштам, како да сум обвиткан од необичниот и привлечниот универзум, аурата на создавањето. Неразбирливата, воздушеста претстава ме опкружува од сите страни.

... Право да ви кажам, тоа сè помалку ми се допаѓа, тоа сè повеќе ме заморува. Понекогаш чувствувам потреба да допрам нешто цврсто; кога ќе ме повредат, кога ќе ме ранат, ми се чини дека навистина има нешто. Меѓутоа, знам дека сè е само минливост, дека сè стреми кон исчезнување, умирам и јас самиот, ништо од ништо не останува. Ќе се појават други плодови на ништавилото, други цвеќиња на ништото, други испарувања на светот, други движења, фигури, бои, без причина, без потпора.

Ништо не е ужасно, сè е ужасно. Ништо не е комично. Сè е трагично. Ништо не е трагично, сè е комично, сè е реално, нереално, возможно, невозможно, замисливо, незамисливо. Сè е тешко, сè е лесно.

Велат дека сум писател на апсурдот; постојат такви зборови кои се кажуваат на улица, тоа е модерен збор кој набргу нема веќе да биде таков. Во секој случај, тој уште отсега е доволно неодреден за веќе ништо да не значи и за лесно да дефинира сè. Ако не ме заборават, по некое време на улиците ќе се слуша еден друг збор, еден друг општо прифатен збор, за да ме одреди мене и другите, без да нè одреди.

Всушност, постоењето на светот ми се чини не апсурдно туку неверојатно, но во постоењето и во светот може да гледаме јасно, да откриваме закони, да воспоставуваме „разумни“ правила. Неразбирливото се појавува само кога се враќаме кон изворите на постоењето; кога се сместуваме на маргините и го гледаме во целина.

Ежен Јонеско
изводоци од Белешки и контра-белешки Галимар, Париз

## ПЕСНА ЗА ФОЛКЛОРНАТА

Еве како што ме знаете, јас сум играорка
најдобрата музика е во сплетот Црногорка.
Кога наполнив 9години
почнав да играм во друштвото Св. Кирил и Методи!
Поминаа десет години
откако друштвото го отворија нашите роднини.
Мајки, татковци, стрини, тетки наши,
а браќа и сестри ваши.
Од нас тие беа постари
И ни покажаа, како лом се прави,
Како се слави
А морам да ви признаам дека не беа слаби
Од сите најмногу го запомнив чичко Стојче
Кој играше како моторче
На секое соборче.
Тројката му беше најомилено оро
Акога ќе се фати завршува скоро
Втората генерација беше главна
И најславна
Играорците играа од срце, весело, живо,
Кој не настапил, му беше криво.
Дадовме се од себе
И тоа многу ни вреде
Многу настапувавме
А и патувавме
Прошетавме Словенија, Хрватска, Германија
И секако Македонија.

Рози Соколова

## МАКЕДОНИЈА

Голем пат по светот оди,
А најголем
До Македонија не води.

Покрај полиња и води
бели
Покрај села и убави
градови
Покрај брда(ридови) и
шуми зелени

До македонци
Душата нивна
Да ни раскаже убавина
На Татковина нашата
мила.

Симоновска Сања

## ИТАР ПЕЈО

*Ова книга раскази за народниот љубимец и шегобиец Итар Пејо, ја напишал познатиот македонски писател Стале Попов, кој и самиот потекнува од Мариово. Уште како дете ги слушал народните раскажувања и се воодушевувал од умноста, трпеливоста и веселоста на македонскиот селанец, кој што со својата издржливост, работливост, досетливост и богатство од народни песни и приказни, ги победувал тешкотиите низ многуте години на ропства и страдања.*

*Стале Попов умре во 1965 година оставајки зад себе повеќе дела, меѓу кои најпознати му се: Калеш Анѓа, Дилбер Стана, Крпен живот и други. Овие книги можат да се најдат дури и по библиотеките во Словенија.*

## ИТАР ПЕЈО ГО НАДМУДРУВА „ГОРНИОТ“

Како мариовец, кој живее близу до големата борова гора, Пејо си направи на селското поточе една мала бичкичка за штици бичење. Не беше тоа некоја фабрика со гатери, бинцизи, циркулари и други машини какви што ги има сега по Мариово. Проста бичкица на вода, со една линца, ама на Пејо и толку му беше доста да не тегне со плешкитецел ден да бичи, а пак да не може да сработи ни десети дел од она што му го сработуваше бичкијата на водата. Арна му беше работичката на Пеја. И тука тој излезе поумен од сите мариовци – кршоборци, што тегнеа по цели недели двајца здола еден згора и не можеа да избичат цел месец толку штици, колку Пејовата бичкија што избичуваше за еден ден. Водата тегнеше, а Пејо седеше крај тезгето и ја управуваше работата.

Арно ама, се замеша „горниот“ во Пејовата работа и тоа против Пеја. Му завиде, изгледа, што му оди добро работата, а Пејо не однесе ни една ока масло во црквата да му изрази благодарност. Затоа тој(горниот) две години ја стегна раката и преку цело лето капка вода не пушти. А со тоа Пеја сосема го затре. Водата од поточето секна, та Пејовата бичкија цело лето не тргна ни една врвца да избичи.

Така Пејо не сврши преку летото работа; преку зимото мразот го попречи та остана без леб. Земаше заем, се заборчуваше тие две години за да ги прехрани децата, но требаше тие долгови да се враќаат, а и да се живее.

Во третата зима Пејо се зафати за размислување како да му дојде доак на овој негов прв непријател

„Да го натерам со сила да врне, тоа не можам, како што не можам да го натерам да не врне“ – си мислеше Пејо. „Да го молам којзнае дали ќе ми ја прими молбата,“ си мислеше, „оти не сум само јас. Можеби повеќе има што молат да не врни. Таа работа – молбата – не е сигурна работа. Некоја друга, друга цака да му најдам, да не може да ми мртка.“

Мисли, крои, шета, наш Пејо, но не попусто го носи името Пејо Итроманецот. Најпосле се сети:

„Е море ќе ми те сошијам јас годинава“ – си рече Пејо едно утро по Ѓурѓовден, гледајќи го небото оклештено – јасно како го плаши и годинава.

Погодете што измисли Пејо? Не можете се разбира, зошто на секого не му иде на памет, тоа што му дојде на Пеја. Еве што измислил Пејо:

„Годинава јас ќе фатам две работи“ си рече тој. „Ќе бичам штици ако врне, а ќе правам ќерамиди ако не врне.“И така направи. Штом ќе заврнеше (а таа година и почна да врне) Пејо си ја пушташе бичкијата и со лезет си бичешештички; си ги продаваше и си земаше добри парички. Тогаш од тезгата викаше, гледајќи ги црните облаци: - Ајде, турај колку сакаш, таман ќе ми бичи бичкијава.“ А кога ќе се оклештуваше времето со недели да не врне и сонцето да пече, тој си правеше керамиди и пак му викаше на „горниот“: А де, печи, печи! Напечи се и ти ама и керамиткиве ќе ми се испечат.

И така наш Пејо му дојде доак на „горниот“ без да му се моли, крсти, или придава масло, темјан и други подароци како што прават селаните, чии молби и придавачки не можат да им помогнат.

„Ум, ум треба и мотика, а не молитва, браќа, секогаш Пејо им велеше на своите мариовци.

Стале Попов

## ИТАР ПЕЈО „ЗАБОЛЕКАР"

Еден од Пејовите селани го заболел заб. Кај ќе оди да го вади ако не кај Пеја. Отишол и го праша:

- Знаеш ли Пејо, да вадиш заб?

- Знам како да не знам – одговори Пејо. – Од тоа полесно што има. Само ти седни на столчево и биди мирен – и му го подаде смрековото столче со три нозе на кое беше провртена на средината дупка, да си ги закачуваат жените вртешките кога вијат основа или јаток.

Седна селанецот, а Пејо се засука да работи. Наостри еден кол и го забоде во земјата пред селанецот. Потоа исука еден дебел конец и го врза едниот крај за колот, а другиот за забот од селанецот. Се заврте зад него и си зеде една игла бабушка та полека-полека го боцна од дупката на столот. Селанецот скокна, а забот остана на конецот.

Фаќајќи се за боцнатото место извикнал:

- Т-и-и-и! Колкав корен имал овој заб, дури долу ме заболе – си отиде задоволен од Пејовиот мајсторлак, уверен дека коренот од забот бил долг дури до дебелото месо и дека болките од иглата се болки од извадениот заб.

Стале Попов

## „А Н Г Е Л И   В О   Ц Р К В А Т А"

Малку знам за религијата, бидејќи редко имам прилика да одам во црква. Двапати во годината, за Велигден и за Божик. Рака на срце, не сум некој верник како што ги има, ама сепак со родителите, нешто од верување, нешто од почитување до нашата православна христијанска вера и традиција, како и секоја година отидовме за Велигден во црквата во Крањ.

При влезот во помошниот простор на црквата, од левата страна се продаваа свеќи и црковни сувенири: крстиња со распнатиот Исус Христос, мали троделни икони (во средината Богородица со еднородниот син во рацете а од страните Св. Петка и Св. Никола) и други украси и книги. Од десната страна на влезот на црквата, беа поставени „двоспратни"свеќници. Одоздола се палеа свеќи во спомен на мртвите а одозгора се палеа свеќи наменети за здравје на живите.

Вниманието на присутните го привлекоа три женски, по зборувањето најверојатно италијанки кои што купуваа сувенири и никако не можеа да се разберат со продавачот, кој што неуспешно мавташе со рацете. На крајот цената мораше да им ја напише на лист. Тие влегоа и во црквата, внимателно ја разгледаа, фотографираа неколку икони и си заминаа. Очигледно беше дека се туристки на минување кои што искористија прилика да ја разгледаат црквата и од внатре и да си купат сувенири.

Со родителите купивме и запаливме свеќи за здравје и за спомен на умрените и одкако се прекрстивме влеговме во црквата. Од левата и десната страна беа наредени столици за седење а напред, право пред нас беше поставен олтарот. Првата половина на црквата беше префарбана во светло жолта боја додека другата половина во која што спаѓаше и олтарот, беше покриена со најразлични слики, икони и фигури на светци. Стаклата беа поделени на мали квадратчиња, префарбани со најразлични бои. Од двете страни покрај зидовите се издигаа два шестоаголни стуба, кои на врвот се спојуваа во единствен полукруг. На таванот беа обесени светилки, украсени со стотици кристали од кои што се одбиваше светлината и изгледаше прекрасно. Ги бакнавме

иконите поставени од двете страни на олтарот, дарувавме пари за црквата а потоа седнавме во очекување да започне полноќната богослужба.

Разгледувајќи ја внатрешноста на црквата и не приметив кога се наполнила со луѓе. Весели, насмеани, празнично облечени, се поздравуваа, си го честитаа празникот и си кажуваа кој како живее и што има ново.

Жагорот на присутните го прекина излегувањето на свештеникот пред олтар. Лицето му беше сериозно а погледот упатен некаде високо над нашите глави. Што гледаше, не можевме да видиме одоздола и покрај тоа што погледите ни беа упатени во ист правец. Наеднаш низ црквата се разлеа пријатно-тивка мелодија проследена со песна „мир на сите, мир од бога, дар од небото...“Зачудени се погледнувавме од каде сега песна во црквата. Да не слегле ангели од небото да ни запеат и да го поздрават нашето присуствов во црквата?... Размислував за себе, гледајки ги присутните околу мене како се вртат наоколу, барајки одговор еден од друг. Конечно ми дојде на ум дека на една поранешна приредба станувашe збор за формирање на црковен хор. За да биде изненадувањето уште поголрмо, хорот беше засолнат на црковниот балкон, сокриен од погледите на присутните.

Цело време додека траеше богослужбата, размислував за „песната на ангелите.“ Толку ме воодушеви што еве и сега кога го пишувам ова ми одекнува во главата.

Александар Младенов

## ФОЛКЛОРНАТА СЕКЦИЈА НА МКД „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ“ ОД КРАЊ

Фолклорната секција на МКД „Св. Кирил и Методи“ од Крањ е една од најактивните секции не само во друштвото, туку и меѓу останатите МКД во Словенија.

Често се прашуваме, што не привлекло и што може да ги привлече децата на македонците што живеат и работат во Словенија, кон оваа активност. Мене лично мајмногу ме воодушеви нивниот настап на еден собир, нивните извежбани чекори, поврзаноста меѓу играњето, пеањето и музиката па и меѓусебното поврзување на деловите од сплетовите. Пријателките кои веќе играа во фолклорната, родителите и председателот на друштвото, не повикуваа така мене, како и друѓите да се пријавиме.

На вежбите се научивме да играме, пееме а некои деца од мешани бракови, преку тоа го учат и македонскиот јазик. Имаме настапи по цела Словенија па и надвор од неа преку што градиме и нови пријателства.Можеме да се пофалиме со повеќе настапи во Македонија и Германија, кои се за нас како награда за вложениот труд.

Еднаш неделно се собираме во училиштето Симон Јенко и таму ги повторуваме веќе научените сплетови, учиме нови, разговараме, односно се договараме околу активностите на фолклорната секција.Со вежби започнуваме во септември а звршуваме вово јуни, со настапот на ЕТНОФОЛК-от кој што нашето друштво успешно го организира веќе пет години а настапуваат од 15-18 фолклорни групи од Словенија и државите од поранешна Југославија. Во нашиот состав е и музичката група која што ја составуваат лојалните музичари: Оливер и Митре Илиевски на армоника и Крстева Благица на тапан. До крајот на минатата сезона не водеше г. Цевад Абаз, кој не научи најмногу.

Во текот на единаесетгодишното постоење на фолклорната секција, патувајки и настапувајки, доживеавме многу незаборавни моменти.Секогаш и секаде на нашите настапи, не дочекуваа и испраќаа со аплаузи. Со нашата работа и преданоста кон фолклорот, им служевме за пример на другите друштва во Словенија кои што

формираа фолклорни секции после нас. Со повеќето од нив успешно соработуваме и си „разменуваме„ настапи.

Јас сум меѓу постарите и многу ме радува што ни се приклучуваат и мали дечиња, па имаме можност да направиме повеќе состави од различни возрасти. Таа можност ја немавме во почетокот на постоењето, бидејки немаше доволен број на играорци па генерациската разлика беше голема.

Посебно сме им благодарни на нашите родители кои што не поддржуваат и ни помагаат што подобро да го научиме македонскиот јазик, обичаите (кои се повеќе изумираат), верата, културата... за да можеме и ние понатаму да ги пренесуваме на нашите деца. Атанас Продански е секако еден од најзаслужните за тоа што денес го имаме, што го претставуваме, со што можеме да се гордееме а тоа е фолклорната секција на МКД Св. Кирил и Методи од Крањ.

Весна Кржовска

# Лектира до следниот број на весникот.

## АЦО ШОПОВ

**Ацо Шопов** (Штип, 1923 - Охрид, 1982).

*Ановите* – поема во која го покажува револтот против владата на Југославија, пред втората светска војна.

Во своите литерарни дела Ацо Шопов разработува теми од НОВ (борбата за национална слобода), во која самиот учествува.

Поемите *Очи* и *Љубов* ги посветил на Вера Јоциќ - национален херој на Македонија.

Збирки поезија:

*Дрво на ридот, Песна на црната земја, Стихови за маката и радоста, На Грамос, Ветрот носи убаво време, Небиднина, Гледач во пепелта,...*

## Гатанки за пред спиење

Дома на клин виси, а зло ти мисли. (..ш..).
Ум дава, а не зборува. (....г.)
Од една дупка влегвиш, низ две излегвиш и пак си внатре. (..н..л...)
Уста немат, а со секого зборвит. (.н...)
Шило бодило, низ гора одило, траг не оставило. (..е..)
Еже меже в девет кожи леже. (.р..и.)
Сто фустани носи, кога ќе дунит ветрот г'зот је се видит. (.о.о..а)
Помало од кокошка, повисоко од човек. (.ап.)
Целиот дрвен, во глата црвен. (.и..ит)
Сред море оган гори. (.а.д...)
З'би немат ама каса. (.и..)
Од едно огниште цел свет се грејт. (...ц.)
Згора копанче, здола лопата, стреде грда Мара. (...к.)
Црвен прч в пештера лежи. (.а.и.)
Ако го гибаш вреска, ако го оставиш молчи. (ѕ.....)
Живо свиено со игли набиено. (.ж)
Дрипава ѓупка пред цар излегве. (...н.к)
Сив коњ р`зна, сè смрзна (..т.р и .р.з)
Во една одаја си имам се бели коњи, само един у среди леже. (у...)

## Дали сте занеле дека:

Лутите пиперки (Capsicum) се од фамилијата во која спаѓаат доматите, компирите, тутунот и петуниите. Лутите пиперки растат како повеќегодишно растение. Растението во тропски услови може да живее и до десет години. Во другите региони се одгледува како едногодишно растение.

Татковина на лутите пиперки е Јужна Америка. Познати биле под името **Aј** и се смета дека овие плодови биле употребувани како храна уште од 7500 година п.н.е. Староседелците понекогаш ги користеле како платежно средство.
Денес, најголеми потрошувачи на лути пиперки се жителите на Тајланд.

Прв кој го издвоил витаминот Ц од лутите пиперки е унгарскиот нобеловец Алберт Гјорги (1937 год.)

Постојат лекови на база на капсицум што се користат за олеснувањена болките од артритис.

Etnofolk 2003

Letos, 14.junija je bil v domu kulture, KS Primskovo izveden festival imenovan Etnofolk. Že peto leto ga organizira MKD Sv. Ciril in Metod iz Kranja. Poudarila bi, da tu ne gre za profesionalne folklorne skupine, temveč za amaterje. Večino skupin predstavljajo prebivalci Slovenije, ki imajo korenine v državah bivše Jugoslavije, prisotne pa so tudi slovenske folklorne skupine. Festival je odlično povezovala Sonja Cekova. Predstavo so odprli in tudi zaključili folkloristi MKD Sv. Ciril in Metod. Ogromno vloženega truda in kvalitete so nam prikazale naslednje folklorne skupine:

- MKD "Sv. Ciril in Metod", Kranj- ISTOČNA MAKEDONIJA
- KUD "BRDO", Kranj – IGRE IZ PODGRMEČKOG KRAJA
- FS "SAVA", Kranj – DOBERPOLSKA OHCET
- SKDP "SV.SAVA" Kranj-IGRE IZ ŠUMADIJE
- KPŠD "VUK KARADŽIČ", Lesce – SPLET IGER IZ ŠUMADIJE
- CKPSD "MORAČA", Kranj – VRSUTA
- KUD "SANDŽAK", Ljubljana – SPLET IGER IZ PONIŠAVLJA
- MKD "ILINDEN", Jesenice – MAKEDONSKI LJUDSKI PLESI
- KUD "LILJAN", Ljubljana – RAZIGRANA BOSNA
- DSS "MORAVAC", Ljubljana – USKOŠKO POSJELO
- MKD "KRSTE MISIRKOV", Zagreb – ISTOČNA MAKEDONIJA
- HK "KOMUŠINA", Škofja Loka – KOLA IZ MOJEGA MESTA
- SKHD"DESANKA MAKSIMOVIČ", Celje – IGRE IZ CENTRALNE SRBIJE
- MKD "Sv. Ciril in Metod", Kranj- KALAJDŽIJSKO

Vsaka skupina je imela nek poseben šarm, ki je bil poplačan z velikim aplavzom številnih gledalcev.
Nastopom folkloristov je sledila zahvala sponzorjem, ki so omogočili izvedbo festivala. Nato pa je prišla na vrsto še zabava, ki je trajala dolgo v noč. Za dobro razpoloženje je poskrbel makedonski orkester iz Jesenic.

Tako gledalci kot nastopajoči so bili večinoma mlajši, tako da nam ni treba skrbeti za prihodnost folklore.
Organizatorjem je uspešnost festivala dala motivacijo za naslednje leto, da bodo z delom nadaljevali in ga hkrati izboljšali, da bo še na višji ravni.

# TANEC

Tanec, ki je prvi makedonski profesionalni ansambel za ljudske plese in pesmi, je z zbiranjem ustnega izročila, kostumov in glasbil ter z obujanjem te izginjajoče umetnosti začel leta 1949 in se zaradi vrhunskega ustvarjanja povzpel do mednarodne veljave.

Tudi v Kranju smo si imeli priložnost ogledati ansambel TANEC iz Makedonije in to v Prešernovem gledališču 17. novembra 2003 ob 20. uri. Skupina, ki se je zgovorno poimenovala po makedonskem plesu tanec, simbolizira makedonsko ljudsko umetnost in kulturo tako za zdomce na oddaljenih celinah kot za Makedonce, ki živijo v domovini.



Z leti je ansambel postal neke vrste potujoči muzej kulturnega izročila, katerega zaklade predstavlja po vsem svetu: v Angliji, Franciji, ZDA, Albaniji, Nizozemski, Belgiji, Rusiji, Gani, v Kongu, Bolgariji, Turčiji, v Maliju, Senegalu, Italiji, Egiptu, Nemčiji, Nigeriji, Izraelu, na Češkem, v Kuvajtu, Avstraliji ...

Na odru se nam je predstavilo kar 60 plesalcev, pevcev in različnih glasbenikov, ki so skozi temperamenten ritem, v živopisanih tradicionalnih kostumih in glasbi prikazali makedonsko ljudsko umetnost in kulturo. Gre za vrhunsko skupino, ki se od prvega obiska na tujem (Llangollen v Angliji, 1950), vrača domov ovenčana s slavo in vedno novimi vabili na gostovanja. Polne koncertne dvorane v New Yorku, Chicagu, Detroitu, Indianapolisu, Sydneyjski operni hiši in drugje so bile nad pestrim in bleščečim nastopom vidno navdušene. Za Tanec, ki je z raznolikostjo makedonskega izročila seznanil ves svet, ni meja; povsod je doma, povsod ponuja ljubezen in prijateljstvo, pesmi in plesa.

Da pa to drži smo se lahko prepričali tudi v Kranju,saj so bile karte za njihov koncert kaj hitro razprodane in tisti,ki smo si jih uspeli pridobiti smo lahko uživali v odlični predstavi. Marsikomu je skupina s svojim nastopom pognala kri po žilah in spodbudila domotožje po rodni domovini,zato smo v predstavi toliko bolj uživali. Pripravili so nas zelo pester program,katerega je poleg nastopa Tanca obogatila prisotnost Suzane Spasovske,zelo znane makedonske pevke.
Tanec se nam je predstavil z naslednjimi spleti:

**1. NEVESTINSKO ORO**

KOREOGRAF: Trajko Prokopiev

Glasba: Trajko Prokopiev

Stilizirana različica se le malo razlikuje od izvirnega ljudskega nevestinega plesa. Zaradi načina izvedbe, dostojanstvenih korakov in scenskih premikov je ta ples veljal za ustreznico in dopolnilo moškemu plesu Teškoto. Jasno izraža milino, ponos in lepoto makedonske neveste. Navkljub preprostosti korakov se zaradi sloga izvedbe in obilno okrašenih tradicionalnih kostomov ta ples vtisne globoko v nas.

**2. TEŠKOTO**

Koreograf: Dojčin Matevski

Glasba: avtentična



Teškoto je umetniško najmočnejši ples in najvznemirljivejši makedonski ljudski ples. Eno prvih del na repertoarju Tanca je leta 1950 navdušilo se tako hladne Angleže in doseglo prvo nagrado na festivalu v Llangollenu. Pravzaprav podoba ansambla temelji na Teškotu, saj je kolovodja ob bobnu najbolj pogosta asociacija na ta ples in skupino.Tega plesa ni mogoče plesati dvakrat enako, njegova izvedba je odvisna od veščin kolovodje. Teškoto je pod zaščito Unesca kot redek duhovni spomenik.

### 3. *DŽAMALA*

*Koreograf: Svetlana Čirić*
*Glasba:Dragan Dautovski*

To je ena najnovejših plesnih priredb Tanca.Temelji na še živih zimskih moških obhodih "prekrščevalcev" okrog novega leta, ki so znani pod različnimi nazivi: džamalari, vasilčari, barbari in survari. Te procesije so se dogajale ob prekrščevalnih dnevih med božičem in verskim praznikom vodici (19. in 20. januar) in najpogosteje na zadnji večer pred novim letom.

### 4. *SEDENKA*

*Koreograf: Gligor Vasilev*
*Glasba: Trajko Prokopiev*
Koreografijo plesa Sedenka je navdihnilo ljudsko izročilo vzhodne Makedonije (regija Berovo). Zanimivo je, da ta ples vsebuje prvine dramske zgodbe: vaščana se zaljubita v isto dekle,Stojno. Ta jutranji ples poteka v središču vasi in ponazarja boj med tekmecema za dekletovo naklonjenost. Za to priložnost so nam zaplesali le del te privlačne koreografije: solistični del, v katerem nastopajo lepa Stojna in dva vaščana, Petko in Mitre.

### 5. *PRESPANSKI PLESI*

*Koreograf: Stojče Karanfilov*
*Glasba: Kiro Zifovski*

Prespanski plesi so ena od novejših koreografij skupine Tanec,ki izražajo lepoto ljudskih plesov,pestrost ljudske glasbe in posebnost oblačil tega dela Egejske Makedonije,natančneje prespanske regije

## 6. DRAČEVKA

Koreograf:Atanas Kolarovski
Glasba:Trajko Prokopiev

Dračevo je 10 km oddaljeno od Skopja. Kraj je prav tako znan pod imenom "Skopska blatija ". Plesi in pesmi iz tega dela nam pokažejo najbolj avtentične pesmi in plese, katerih tematika je borba za dekle. Narodnja nošnja tega dela se imenuje Raštak.". Ta ples je tudi dokaz,da nihče ne more prekositi prijaznosti the ljudi.

## *7. PIRINSKE POMLADNE ROŽE*

*Koreograf: Stojče Karanfilov* *Glasba:Stojanče Kostovski*



To je koreografija, ki se naslanja na ljudski duh Pirinskega dela etnične Makedonije in nas očara z virtuoznostjo in živahnostjo.

Za konec pa še:

*Makedonci nimamo piramid in Sfing, naša domovina ni okrašena s palačami in Spomeniki, vendar imamo nekaj, česar ne morejo uničiti ne naravne sile ne demonske roke tiranov…in ta nezlomljiva moč je zajeta v enem samem znamenju preteklosti: v ljudski pesmi, najdražji in najbolj cenjeni dediščini,ki nam je ostala iz minulega življenja in kulture Makedoncev ter se ohranila do današnjega dne.*

*Josif Češmedijev:Uvod v Zbirko makedonskih ljudskih pesmi*

Мецени на весникот:

**Сава д.д. Крањ**

**Градбена дела Радојевич**

**Цветличарство Идич Марина ин Партнер д.н.о.**

**Зебра д.о.о.**

**ДМД ин АС д.о.о. Крањ**

**Варовање Г7 ТРЗИН**

**Алкалоид д.о.о.**

**Агроплод д.о.о.**

**Македонија траде д.о.о.**

**Новатекс д.о.о. Љубљана**

**Бошко д.о.о. сп. Бесница**

**Винојуг д.о.о. ШЕНЧУР**

**Фр. Влатко вон Филах**

**Фр. Влатко ди Трбиш**

Редакцијата им се заблагодарува на мецените и им посакува среќна, здрава и успешна 2004

# НАШЕ СОНЦЕ

**И**

**МАКЕДОНСКОТО КУЛТУРНО ДРУШТВО**
**„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИ “ КРАЊ**

*ВИ ГИ ЧЕСТИТААТ БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ*
*И*
*НОВАТА 2004 ГОДИНА*

*СО ЖЕЛБИ ЗА ЗДРАВЈЕ*
*СРЕЌА, РАДОСТ И УСПЕСИ*

Текстовите на децата од фолклорната секција и училиштето за македонски јазик како дополнителна настава се пренесени во оригинал.
Текстовите ги оставивме такви какви се, да остане забележан степенот на познавање на македонскиот литературен јазик кај поколенијата македонци, родени и израснати во Р.Словенија.

Не станува збор за експериментирање. Ова е дел од историјата на македонскиот јазик.

Несебична подршка при подготвувањето на весникот дадоа: Весна Кржовска, Весна Младенова, Аспарух Михајлов –Пуч, Драган Кржовски, унив. Дипл. Филолог Дарко Јанко Спасов, Александар Младенов, Миладин Младенов –Миле, Даниел Ананиев, Рената Ананиева, Даниел Атанасов, Розика Соколова, Сања Симоновска, Наташа Димитрова, и уште еден милион…и нека бидат утре уште сто милиони, добри луѓе и ако не се запишани овде, нека не се срдат.

**ИМ БЛАГОДАРИМЕ**

Непотпишаните текстови се на уредникот на весникот Наше Сонце, г-дин Миладин Младенов - Миле

Весникот го издава

**МАКЕДОНСКО КУЛТУРНО ДРУШТВО**
**„СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ“ КРАЊ**
**Цеста 1 маја 5, 4000 КРАЊ**
**ТЕЛ: 04/ 2326-478, 041-258-098**

Уредник на весникот:
Миладин Младенов - Миле

Претседател на друштвото:
Г-дин Атанас Продански

Претседател на Сојузот на МКД во Р. Словенија
Г-дин мг. Илија Димитриевски

МКД СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ КРАЊ

MKD SV. „CIRIL IN METOD“ KRANJ